**Наслов на процесот:**
**ПОСТАПКА ЗА ПРИЕМ НА ОСУДЕНИ ЛИЦА И ВО ПРИЕМНО ОДДЕЛЕНИЕ**

**Дефинирање на поимите:**

- **Прием на осудено лице: -** претставува збир на мерки и активности за постапување со осуденото лице од моментот на неговото доаѓање во установата за издржување на казна затвор до неговото спроведување во приемно одделение.
- **Постапување со осуденото лице во приемно одделение: -** претставува збир на активности и мерки за постапување со осуденото лице со цел запознавање на осуденото лице со правилата за издржување казна затвор (Правилникот за куќен ред за осудените лица кои издржуваат казна затвор во казнено-поправна установа), проценка на неговата личност, проценка на ризик, изработка на план на казна и определување на третманот на осуденото лице за време на издржувањето на казната затвор.

**Времетраење на престојот на осуденото лице во приемно одделение:**
- во установи од затворен вид: до 30 дена
- во установи од полуотворен и отворен вид: до 20 дена

**Национални прописи со кои се регулира постапката:**
- Закон за извршување на санкциите (Службен весник на РМ бр.99/19, 220/19,236/22)
    - Глава IX Постапување при извршување на казната затвор, точка 3 – Прием на осудени лица (од член 150 до член 153)
- Упатство за определување на видовите и начините на третман на осудените лица (Службен весник на РМ бр.133/2020)
- Прирачник за употреба на Инструментот за проценка на ризик и потреби на осудени лица
- Правилник за распоредување, класификација и разместување на осудените лица во кпу (август 2019 година)
- Правилник за куќен ред за осудените лица кои издржуваат казна затвор во казнено-поправна установа (јуни 2020)
- Упатство за употреба на конференциски средби (бр.01-1028/1 од 16.06.2020 година)
- Правилник за овластувањата на затворската полиција, начинот на вооружување и вршење на работите на затворска полиција (94/22 на 15.04.2022 година)
- Постапка за претрес на лица лишени од слобода

**Цел на постапката:** Запознавање на осуденото лице со Правилникот за куќен ред за осудените лица кои издржуваат казна затвор во казнено-поправна установа, правата и обврските за време на издржување на казната и начинот на нивно остварување, успешна проценка на личноста на осуденото лице, подготовка на план на казна и негова понатамошна класификација

**Резултат:** Подготвен план на казната за осуденото лице

**Индикатори:**
- Број на реализирани активности од планот на казната
- Степен на остварување на приоритетните потреби на осуденото лице
- Намален број на рецидивисти

Постапка при прием на осудено лице и во приемно одделение

**Корисник на постапката:**

- Сектор за ресоцијализација;
- Затворска полиција
- Директор на КПУ
- Здравствена заштита

**Сопственик на постапката:** КПУ

**Датум на евалуација на постапката**: на секои 12 месеци

**Документи:**

Стручно досие на осуденото лице:

- Психолошки наод и мислење
- Социјална и криминолошка анамнеза
- Инструмент за проценка на ризик
- Предлог програма за третман

Дополнителни документи (во зависност од потребата)

- Образец за проценка и управување со ризик ( самоубиство)
- Брза алатка за скрининг на радикализирани осудени лица

Постапка при прием на осудено лице и во приемно одделение



Постапка при прием на осудено лице и во приемно одделение



## Упатство за постапување:

**Чекор 1: Идентификација на осуденото лице**

| | |
|---|---|
| **Зошто?** | Заради утврдување на  идентитетот на осуденото лице пред започнување на издржување на казната затвор |
| **Кој?** | Припадникот на затворската полиција |
| **Што?** | Врши проверка на идентитетот на осуденото лице од документите за лична идентификација и проверка на упатниот акт |
| **Каде?** | На влезот на установата |
| **Кога?** | Веднаш по пристигнувањето на осуденото лице и неговото пријавување |
| **Како?** | Припадникот на затворската полиција бара од осуденото лице  соодветен документ  за идентификација (лична карта или пасош) и упатен акт од надлежен суд за издржување на казната<br>Проверува дали податоците во документите за лична идентификација соодветсуваат со податоците од упатниот акт.<br>Го проверува датумот и времето определени во упатниот акт за јавување на осуденото лице за издржување на казната |

**Чекор 2: Проверка на претходно доставена пресуда**

| | |
|---|---|
| **Зошто?** | Да се провери дали има пресуда и дали  податоците од пресудата соодветствуваат  со податоците од упатниот акт и личниот документ. |
| **Кој?** | Припадник на затворска полиција<br>Службено лице од секторот за ресоцијализација/одделение за правни и општи работи |
| **Што?** | Прават увид и споредба на податоците |
| **Каде?** | Во матично одделение на установата |
| **Кога?** | Веднаш по извршената идентификација на осуденото лице |
| **Како?** | Припадникот на затворската полиција  со упатниот акт оди во матично одделение<br>Референтот   за прием и отпуст проверува дали има пресуда за осуденото лице  и  дали податоците во пресудата соодветствуваат со тие во упатниот акт |

## ДОКОЛКУ СЕ УТВРДИ НЕТОЧЕН ИДЕНТИТЕТ

### Чекор 2А - Известување до МВР (не се врши прием)

| | |
|---|---|
| **Зошто?** | За да се утврди идентитетот на осуденото лице |
| **Кој?** | Припадник на затворска полиција / Припадник на затворска полиција на влез на установата |
| **Што?** | Не се врши прием на осуденото лице |
| **Кога?** | Веднаш |
| **Како?** | |

## ДОКОЛКУ СЕ УТВРДИ ТОЧЕН ИДЕНТИТЕТ (се врши прием)

### Чекор 3- Претрес на осудено лице

| | |
|---|---|
| **Зошто?** | За проверка на осуденото лице дали поседува предмети кои не се дозволени да се држат и употребуваат согласно Правилникот за куќен ред за осудените лица кои издржуваат казна затвор во казнено-поправна установа |
| **Кој?** | Припадник на затворска полицијана влез од установата |
| **Што?** | Го претресува осуденото лице |
| **Каде?** | Во посебна просторија за претрес |
| **Кога?** | Веднаш по констатирањето дека за осуденото лице има соодветна документација |
| **Како?** | Согласно правилата во Постапката за претрес на лица лишени од слобода и простории |

**Чекор 4: Спровод на осуденото лице до матично одделение**

| | |
|---|---|
| **Зошто?** | За отварање на лично досие за осуденото лице |
| **Кој?** | Припадник на затворска полиција |
| **Што?** | Го спроведува осуденото лице до референтот за прием и отпуст- матично одделение |
| **Каде?** | Од просторијата за претрес до матично одделение |
| **Кога?** | Веднаш по извршениот претрес |
| **Како?** | Согласно правилата за безбедно движење на осудените лица во установата |

**Чекор 5- Отварање на лично досие за осуденото лице**

| | |
|---|---|
| **Зошто?** | Евидентирање на податоците за осуденото лице |
| **Кој?** | Референтот за прием и отпуст |
| **Што?** | Отвара досие со лични податоци за осуденото лице |
| **Каде?** | Во матично одделение-референт за прием и отпуст |
| **Кога?** | Веднаш по  спроведувањето на осуденото лице |
| **Како?** | Му поставува прашања на осуденото лице во врска со податоците од  личните документи и од пресудата.<br>Референтот за прием и отпуст отвара: Личен лист, Картон за посети и сите документи  кои произлегуваат од  личниот лист  и правилниците поврзани со издржувањето казна затвор согласно Правилникот за куќен ред за осудените лица кои издржуваат казна затвор во  казнено-поправна установа и Упатството за содржината и начинот на водење на стручно досие за осудени лица во кпу.<br>Сите податоците ги внесува во електронскиот систем за матична евиденција на осудените лице |

**Чекор 6 - Дактилоскопирање и фотографирање на осуденото лице**

| | |
|---|---|
| **Зошто?** | Евидентирање на податоците за осуденото лице |
| **Кој?** | Референтот за прием и отпуст |
| **Што?** | Зема отисок на осуденото лице и го фотографира |
| **Каде?** | Во матично одделение |
| **Кога?** | Веднаш по отварањето на лично досие |
| **Како?** | Зема отисок од осуденото лице од палецот и показалецот на десната рака<br>Го фотографира осуденото лице<br>Отисоците и фотографијата се дел од личното досие на осуденото лице<br>Го внесува во електронскиот систем за евиденција |

**Чекор 7 – Доставување на известување до надлежниот Центар за социјална работа, надлежниот суд и амбасада за странски државјани и дипломатски преставништва**

| | |
|---|---|
| **Зошто?** | За информирање дека осуденото лице започнало да ја издржува казната |
| **Кој?** | Сектор за ресоцијализација /сектор општо правни работи |
| **Што?** | Ги известува за извршениот прием на осуденото лице во установата |
| **Каде?** | Во матично одделение- канцеларија на референт за прием и отпуст |
| **Кога?** | Веднаш отварањето на лично досие |
| **Како?** | Со писмено известување кое содржи податоци за: идентитетот на осуденото лице, денот и часот на приемот во установата, број на упатниот акт и бројот на пресудата<br>- доколку осуденото лице има малолетни деца или други лица за кои единствено само тој се грижи –за тоа посебно се укажува во известувањето до ЦСР |

**Чекор 8 Медицински преглед на осуденото лице**

| | |
|---|---|
| **Зошто?** | За утврдување на здравствена состојба и одредена историја на болест |
| **Кој?** | Здравствен работник |
| **Што?** | Се отвара здравствен картон за осуденото лице и се врши медицински преглед на осуденото лице |
| **Каде?** | Во просторијата за прегледи на осудени лица во установата |
| **Кога?** | Веднаш по спроведувањето од матично одделение |
| **Како?** | Отвара здравствен картон за осуденото лице<br>Врши преглед на осуденото лице<br>Ја утврдува неговата здравствена состојба<br>Зема податоци од осуденото лице за одредена историја на болест,зависност и потреба за константно тераписко третирање. |

**ДОКОЛКУ ЛИЦЕТО Е СПРОВЕДЕНО НА ИЗДРЖУВАЊЕ НА КАЗНАТА**

**Чекор 8А Издавање потврда дека е извршен приемот**

| | |
|---|---|
| **Зошто?** | Како доказ дека спроводот е извршен |
| **Кој?** | Припадници на затворска полиција-надвор од работно време/ во работно време референт за прием и отпуст |
| **Што?** | Се издава потврда дека е извршен спроводот |
| **Каде?** | Во Установата, на влез |
| **Кога?** | Веднаш по приемот во установата |
| **Како?** | Издава писмена потврда<br>Доколку при медицинскиот преглед се констатирани физички повреди на осуденото лице тоа задолжително се евидентира во потврдата |

## ДОКОЛКУ СЕ КОНСТАТИРАНИ ПОВРЕДИ ПРИ ПРИЕМОТ

### Чекор 8А Известување на јавниот обвинител и на судот

| | |
|---|---|
| **Зошто?** | Заради преземање на понатамошни мерки за утврдување на фактичката состојба |
| **Кој?** | Директорот на установата врз основа на наодот на здравствен работник преку референтот за прием и отпуст |
| **Што?** | Се известуваат јавниот обвинител и судот за констатираните повреди |
| **Каде?** | Во Установата |
| **Кога?** | Веднаш по извршениот медицински преглед, најдоцна до 24 часа |
| **Како?** | По писмен пат референтот за прием и отпуст |

### Чекор 9- Задолжување на осуденото лице со постелина и хигиенски средства

| | |
|---|---|
| **Зошто?** | За обезбедување на постелнина и неопходни средства за хигена |
| **Кој?** | Самостоен референт за евиденција – магационер обезбедуван од припадник на затворска полиција |
| **Што?** | Му дава на осуденото лице постелнина и средства за одржување на хигена |
| **Каде?** | Во магацинските простории во установата |
| **Кога?** | Веднаш по приемот во установата |
| **Како?** | Му ги предава на осуденото лице , кое се потпишува дека ги примил постелнината и средствата за хигена |

### Чекор 10: Спровод на осуденото лице до приемно одделение

| | |
|---|---|
| **Кој?** | Припадник на затворска полиција |
| **Што?** | Го спроведува осуденото лице до приемно одделение |
| **Каде?** | Од магацинските простории до приемно одделение |
| **Кога?** | Веднаш по задолжувањето на лицето со постелнина и средства за лична хигена |
| **Како?** | Согласно правилата за безбедносно движење на осудено лице во установата |

# ПОСТАПКА ВО ПРИЕМНО ОДДЕЛЕНИЕ:

**Чекор 1: Сместување на осуденото лице  во соодветна просторија и овозможување да изврши лична хигена**

| | |
|---|---|
| **Зошто?** | За испитување на личноста и за утврдување на третманот-во простории за престој во приемно одделение |
| **Кој?** | Припадник на затворска полиција |
| **Што?** | Го сместува осуденото лице во соодветна просторија – приемно одделение и му покажува каде  се тоалетите и бањата |
| **Каде?** | Во приемното одделение |
| **Кога?** | Веднаш по пристигнувањето во приемното одделение после евидентирање и отварање на лично досие ,кај референтот за прием и отпуст |

**Чекор 2: Запознавање на осуденото лице со Правилникот за куќен ред на установата**

| | |
|---|---|
| **Кој?** | Стручниот тим во приемно одделение |
| **Што?** | Се запознава осуденото лице со правата и обврските за време на издржувањето на казната затвор и начинот на нивното остварување |
| **Каде?** | Во приемното одделение |
| **Кога?** | За време на престојот  во приемното одделение |
| **Како?** | Преку разговор со осуденото лице |

**Чекор 3: Проценка на личноста на осуденото лице**

| | |
|---|---|
| **Кој?** | Стручниот тим во приемно одделение |
| **Што?** | Преку криминолошка анамнеза, социјална и психолошка анамнеза и примена на инструментот за проценка на ризик се прави проценка на личноста на осуденото лице |
| **Каде?** | Во приемното одделение |
| **Кога?** | За време на престојот во приемното одделение |
| **Како?** | Преку разговор со осуденото лице и набљудување на неговото однесување и постапки |

**Чекор 4: Подготовка на предлог програмата и утврдување на третманот на осуденото лице**

| | |
|---|---|
| **Кој?** | Стручниот тим во приемно одделение |
| **Што?** | Врз основа на добиените показатели од целокупната проценка на осуденото лице се утврдуваат приоритетните потреби и се планираат конккретни мерки и активности за постапување со осуденото лице, |
| **Каде?** | Во приемното одделение |
| **Кога?** | За време на престојот во приемното одделение |
| **Како?** | Врз основа на добиените резултати од проценката се врши сумирање на податоците и утврдување на идни чекори за постапување |

**Чекор 5: Спроведување на осудениот во соодветното одделение каде ќе ја издржува казната**

| | |
|---|---|
| **Кој?** | Припадник на затворската полиција |
| **Што?** | Го спроведува осуденото лице |
| **Каде?** | Од приемното одделение до одделението каде што е определено да ја издржува казната |
| **Кога?** | Веднаш по истекот на времето определено за престој во приемно одделение |
| **Како?** | Согласно протоколот за спровод на осудено лице |